Врз основа на член 383 став 1 и член 479 став 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10 и 24/11), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Друштвото, на седницата, одржана на 3.01.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи за 2012 година на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје**

**Член 1**

За овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи за 2012 година на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, се избира ..Ревизија Чулева,, ТП, ул.„Њуделхиска“ бр.4/3 Скопје, врз основа на спроведена постапка за доделување на Договор за јавна набавка на услуга, по пат на прибирање на понуди со објавување на оглас со електронска аукција, согласно Одлуката за јавна набавка за ревидирање на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2012 година на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, бр.05-2191/3 од 22.10.2012 година, Извештајот од спроведена постапка бр.05-2191/6 од 14.11.2012 година, Одлуката за избор на понудувачи кои ќе учествуваат на електронската аукција бр.05-2191/12 од 16.11 2012 година и Извештајот за текот на е-Аукцијата за набавка на услуга-Ревидирање на Годишната сметка и финансиските извешати за 2012 година по ЈН 03/2012.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр.41-9144/1-12**
**3 јануари 2013 година**
**С к о п ј е**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**